ЕДУКАТИВНО-ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТИП

# ПРЕДЛОГ-МОДЕЛ ЗА ИНТЕГРАТИВЕН ПРИСТАП НА ПАКЕТОТ НЕОПХОДНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО



Овој документ беше подготвен во рамките на проектот “Воведување на интегриран пристап за заштита на жени и девојчиња кои преживеале насилство врз жени, вклучително и семејно насилство“ имплементиран од ЕХО Едукативно хуманитарна организација Штип, во рамки на Регионалната програма на ЕУ - UN Women „Спречување на насилството врз жените во Западен Балкан и Турција: Имплементирање на норми – промена на ставови“.

Овој документ беше изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Сите содржини во него се единствена одговорност на ЕХО Едукативно хуманитарна организација Штип и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската Унија. Содржината на овој документ не нужно ги одразува ставовите на UN Women, Извршниот одбор или земјите-членки на Обединетите нации. Ознаките во овој документ не подразбираат мислење за правниот статус на која било земја или територија, или нејзините органи или за ограничување на границите. Текстот не е уреден според официјалните стандарди за објавување и UN Women не прифаќа никаква одговорност за грешки.

Програмата е финансирана од Европска Унија

ЛИСТА СО КРАТЕНКИ

Координативни центри – Координативни центри за заштита на жените и девојките жртви на нсилство, и/или семејно насилство, кои функционираат во Штип и Струмица

UN Women – Тело на Обединетите нации за родова рамноправност и зајакнување на жените

МТ – Мултисекторски тимови на заедницата за ефикасна заштита на жените и девојките од секаков вид на насилство

Истанбулска конвенција – Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство

ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа

КЗ - Кривичен законик

РБН - Родово базирано насилство

ЕЛС – Единици на локална самоуправа

МВР - Министерство за внатрешни работи

ЦСР – Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа

## ПРЕДЛОГ-МОДЕЛ ЗА ИНТЕГРАТИВЕН ПРИСТАП НА ПАКЕТОТ НЕОПХОДНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

Насилството врз жените и девојките претставува најтежок вид на дискриминација која влече историски корени и претставува кршење на цел корпус човекови права на жените и девојките, вклучително правото на живот, достоинство, физички интегритет и слобода. Воедно, поради влијанието врз сите сегменти од животот на жените, семејството и заедницата, претставува сериозен општествен проблем.

Насилството врз жените и девојките има штетни и долготрајни последици за нивната добросостојба, здравјето и безбедноста. Тоа го намалува нивото на стекнување образование и продуктивност, има економски последици и влијае врз продуктивноста и развојот на општествата и земјите. Тоа е пречка за одржлив развој. Во последните децении, на глобално ниво, има заложби да се одговори и да се спречи насилството врз жените и девојките. Ова го потврдува усвојувањето на Агендата за одржлив развој 2030 и вклучувањето на одржливата развојна цел (SDG) 5, Цел 5.2, за елиминација на сите форми на насилство врз жените и девојките во јавната и во приватната сфера, како и други цели на одржливот развој поврзани со запирањето на насилството врз жените и девојките.[1]

Сепак, многу жени и девојки имаат малку или никаков пристап до поддршка и услуги што можат да ги заштитат, да им помогнат за нивната безбедност и да се справат со краткорочните и долгорочните последици од насилството. Затоа, од клучно значење за постигнување на целите од Глобалната програма е заложбата на владите, локалните власти и граѓанските организации за справување со насилството врз жените и девојките на национално и на локално ниво.

### Осврт на релевантното законодавство што го регулира родово-базираното насилство врз жени, вклучително и семејното насилство

Во рамки на нашата држава, семејното насилство, како облик на родово-базирано насилство врз жените, за прв пат беше регулирано со измени и дополнувања на Законот за семејството во 2004 година. Истата година беше воспоставена и кривично-правната заштита од овој негативен општествен феномен, со криминализирање на семејното насилство преку измени и дополнувања на Кривичниот законик на нашата земја. Преку натамошни измени и дополнувања на Законот за семејството во 2006, 2007 и 2008 година, се подобрија законските решенија во областа на системската заштита на жртвите на семејно насилство.

Врз основа на постојната законска регулатива и на содржините и обврските пропишани со Националната стратегија за заштита од семејно насилство (2008-2011), во 2010 година беше изготвен Заедничкиот Протокол за постапување во случаи на семејно насилство.[2]

---

1 Агенда за одржлив развој 2030, усвоена од државите-членки на Организацијата на обединетите нации во 2015 година, достапна на: https://sustainabledevelopment.un.org/post2015/transformingourworld

2 Конвенцијата на македонски јазик е достапна на: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168046253a

Клучен чекор напред во борбата против насилството врз жените и семејното насилство во светски рамки претставуваше усвојувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Конвенцијата беше донесена во Истанбул, на 7 април 2011 година, поради што е позната како Истанбулска конвенција. Нашата земја ја потпиша конвенцијата на 8 јули истата година, но не постоеше политичка волја за нејзино ратификување.

Во меѓувреме, во доменот на граѓанско-правната заштита, со цел унапредување на постојниот систем за заштита и прилагодување кон стандардите и барањата поставени во Истанбулската конвенција, во 2014 година беше донесен Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, кој започна да се применува во 2015 година. Истата година, во два наврати, беа направени измени и дополнувања на законот.
Во 2015 година Владата го донесе Протоколот за меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија при преземање мерки за заштита на жртвите и за спречување на семејното насилство. Овој протокол е донесен заради сеопфатно и ефикасно преземање на мерки за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, согласно националната регулатива од оваа област.
По повеќе од 6 години од потпишувањето, нашата земја, на 22 декември 2017 година, ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, а истата стапи на сила на 1 јули 2018 година. Кон крајот на 2018 година Владата го усвои Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција 2018-2020, во кој се предвидени коренити и сеопфатни промени во голем број релевантни закони со цел хармонизација и унапредување на македонското законодавство кон одредбите на Истанбулската конвенција, како и донесување на нов закон за превенција, спречување и заштита од родово базирано насилство.

**Клучни дефиниции и термини во македонското законодавство**

Согласно дефиницијата во актуелниот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[3], под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Во поимникот на законот одделни изрази кои се употребуваат, го имаат следново значење:

- сторител на семејно насилство е секое лице кое врши дејствие на насилство согласно
 дефиницијата за семејно насилство во овој закон;

---

3 Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.138/2014, со измени и дополнувања во Службен весник на Република Македонија бр.33/2015 и бр.150/2015

- жртва на семејно насилство е секое лице кое на територија на Република Северна Македонија трпи насилство согласно дефиницијата за семејно насилство во овој закон;
- блиски лични односи, се лични односи меѓу лица кои се или биле во партнерски односи;
- дете е секое лице на возраст до 18 години;
- телесно/физичко насилство, е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето на жртвата;
- психичко насилство, е секое дејствие кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и итегритетот на жртвата;
- демнење, е намерно повторено заканување кон жртвата, кое предизвикува истата да се плаши за својата безбедност;
- сексуално насилство, е секое дејствие на сексуален акт и сексуално вознемирување врз лице без дадена согласност;
- економско насилство, е секое дејствие на ограничување или спречување во располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата;- родово засновано насилство врз жените означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа;
- изразите, употребени во овој закон се однесуваат на лица од машки и женски пол.

Во доменот на кривичното законодавство, во член 122 став 21 од Кривичниот законик,[4] семејното насилство се дефинира како малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

Во кривичниот законик, под терминот „жртва на кривично дело“, се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело.

Под терминот „дете како жртва на кривично дело“ се подразбира малолетно лице до 18 години.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство во член 3 ги содржи следните дефиниции на клучните поими:

- Терминот „насилство врз жените“ се разбира како кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените и ги означува сите акти на родово базирано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

4 Кривичен законик, редакциски пречистен текст на Службен весник на Република Северна Македонија

- Поимот „домашно насилство“ ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.
- Поимот „род“ ги означува општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите.
- Поимот „родово базирано насилство врз жените“ означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа.
- Под поимот „жртва“ се подразбира секое физичко лице кое е изложено на однесувањето дефинирано како насилство врз жените и домашно насилство.
- Поимот „жени“ги вклучува и девојчињата на возраст под осумнаесет години.

**Законски одредби кои упатуваат на мултисекторска соработка и интегративен пристап**

Во член од 5 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство дадена е обврска за Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето, образованието и кои преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство, да остваруваат меѓусебна соработка и координација.

Во член 23 регулирано е мултисекторското работење на дел од релевантните институции со надлежност да постапуваат во случаи на семејно насилство. Имено, во случаи кога постои сознание за загрозување на животот и здравјето на жртвата и членовите на семејството, како и кога дете е жртва на семејно насилство, се изготвува безбедносен план за помош, од страна на мултисекторски стручен тим. Мултисекторски стручен тим се формира во центарот за социјална работа, надлежен според живеалиштето, односно престојувалиштето на жртвата, заради координација на активностите во обезбедување на помош на жртвата во согласност со нејзините потреби. Овој тим е составен од стручни лица од центар за социјална работа, полиција и здравствена установа од подрачјето за кое е надлежен центарот.
Во работата на мултисекторскиот стручен тим учествуваат претставници на здруженија кои работат на полето на семејното насилство и кои можат да предлагаат и спроведуваат мерки и активности од безбедносниот план за помош на жртвата.

Понатаму, во член 59 е регулирана мултисекторската соработка на надлежните институции и здруженија, која се утврдува со Протокол за меѓусебна соработка. Согласно член 60, единиците на локалната самоуправа со институциите и здруженијата, кои работат во полето на семејното насилство, изготвуваат протокол за меѓусебна соработка за преземање на мерки за превенција, спречување и заштита од семејното насилство во локалната заедница.

## Стапката на насилство врз жени и девојки во глобални и национални рамки

Насилството врз жените и девојките е феномен од пандемиски размери[5] широко распространет, системски и културно заснован. Во глобални рамки, фактите и статистичките податоците го потврдуваат тоа. Според глобалниот преглед на Светската здравствена организација (СЗО) за 2013 година, 35 проценти од жените во светот биле жртви на физичко и/или сексуално насилство од интимен партнер или непартнерско сексуално насилство, во одреден момент од нивните животи[6]. Околу 15 милиони адолесцентни девојки (на возраст од 15 до 19 години) во целиот свет доживеале присилен секс (присилен сексуален однос или други сексуални дејствија) во одреден момент од нивниот живот. Од нив, 9 милиони адолесцентни девојчиња биле жртви во 2017 година. Во поголемиот дел од земјите, адолесцентните девојки се најмногу изложени на ризик од присилен секс од страна на актуелен или поранешен сопруг, партнер или момче. Врз основа на податоците од 30 земји, само еден процент некогаш побарал професионална помош[7]. Минатогодишното истражување на ОБСЕ за благосостојбата и безбедноста на жените, спроведено во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Молдавија, Украина и Косово, покажа дека 70% од жените доживеале некоја форма на насилство или злоупотреба (вклучувајќи и сексуално вознемирување и демнење) од страна на партнерот или лице кое не им е партнер, во текот на нивниот возрасен живот. 45% од жените, или приближно 10,2 милиони жени доживеале сексуално вознемирување, вклучувајќи вознемирување преку интернет. 23% од жените или околу 4,9 милиони жени искусиле интимно партнерско физичко и/или сексуално насилство, додека 18% од жените или околу 4,4 милиони жени искусиле физичко и/или сексуално насилство од страна на лице кое не им е партнер[8].

Во национални рамки, Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија во периодот од јануари до септември 2018 година, на територијата на државата има регистрирано 734 кривични дела извршени при семејно насилство, како и 216 прекршоци и 2060 поплаки во врска со семејно насилство. Вкупно се регистрирани 795 жртви на кривични дела извршени при семејно насилство, од кои 630 или 80% се од женски пол, а 135 или 20% се од машки пол, додека од регистрираните 758 сторители, 59 или 8% се од женски пол, а 699 или 92% се од машки пол. Најзастапен облик на насилство е физичкото, така што извршени се 472 или 64% кривични дела "телесна повреда" при семејно насилство од чл.130 став 2 од КЗ, по што следува психичкото насилство со извршени 235 или 32% кривични дела "Загрозување на сигурноста" при вршење на семејно насилство од чл.144 ст.2 од КЗ. При вршење на семејно насилство, од страна на осум сторители од машки пол извршени се пет убиства и два обиди за убиства. 1620 или 79% од евидентираните поплаки се поднесени за психичко малтретирање, што укажува на фактот дека психичкото насилство останува несанкционирано[9].

5 United Nations (2006) Secretary-General's In-depth Study on Violence Against Women A/61/122/Add.1

6 WHO, Global and Regional Estimates of Violence against Women, p. 2 ("Only women aged 15 years and older were included, to differentiate violence against women from child sexual abuse." p. 12), retrieved from http://apps.who.int/iris/ bitstream/10665/85239/1/9789241564625_eng.pdf.

7 UNICEF (2017). ). *A Familiar Face: Violence in the lives of children and adolescents*, p. 73, 82.

Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени:

8 Благосостојбата и безбедноста на жените, достапно на https://www.osce.org/secretariat/413237?download=true

9 Податоците се добиени од страна на Министерството за внатрешни работи со одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер што ЕХО го поднесе на 11.01.2018 година.

Овие податоци за инциденцата на семејното насилство и за полот на жртвите и сторителите во првите девет месеци од 2018 година генерално се поклопуваат со податоците на Министерството за внатрешни работи по истите основи за 2017 година.[10] Така, во 2017 година регистрирани се 903 кривични дела извршени при семејно насилство, при што најзастапено, со удел од 60%, е кривичното дело "телесна повреда" сторено при вршење на семејно насилство од чл.130 став 2 од КЗ, по што, исто така, следува психичкото насилство со удел од 37% кривични дела "Загрозување на сигурноста" при вршење на семејно насилство од чл.144 ст.2 од КЗ. Вкупно се регистрирани 973 жртви на кривични дела извршени при семејно насилство, од кои 78% се од женски пол, а 22% се од машки пол, додека од регистрираните 923 сторители, 9% се од женски пол, а 91% се од машки пол. При вршење на семејно насилство, од страна на шест сторители од машки пол извршени се две убиства и четири обиди за убиство, чии жртви се 5 лица од женски пол и едно лице од машки пол.

**Информации за проектот и неговите цели**

Главната цел на проектот "Воведување на интегриран пристап за заштита на жени и девојчиња кои преживеале насилство врз жени, вклучително и семејно насилство" е да воведе, да воспостави, да промовира и да стави во функција модел за интегративен пристап на општите и специјализирани услуги за поддршка и заштита на жените и девојките кои преживеале насилство, вклучително и семејно насилство, притоа следејќи ги стандардите зацртани во CEDAW, Истанбулската конвенција и глобалните стандарди и упатства ОН за неопходните услуги.
Користејќи и надградувајќи ги претходните искуства и достигнувања, ЕХО во соработка со партнерските организации, Организација на жени од Струмица и Македонско здружение на млади правници од Скопје, како и со останатите засегнати страни, работи на усвојување и примена на модел кој ќе овозможи:

- Зајакнување на капацитетите на давателите на услуги кои работат со жени и девојки жртви на насилство за управување со случаи согласно потребите на корисничките на услугите/жртвите;
- Примена на сеопфатен и интегративен пристап во обезбедувањето на услуги за жените и девојки жртви на насилство;
- Зголемување на активностите за подигнување на свеста и зголемен пристап до информации за правата на жртвите и услугите кои им се нудат;
- Подобар пристап до услуги и подобра заштита на жените и девојките жртви на насилство;

Како пилот-проект, моделот се развива и применува во Штип и Струмица, преку создавање формални структури за локална координација и управување со координацијата. Со овој модел се прилагодуваат и ревидираат постоечките практики кај општите и специјализираните даватели на услуги и етапно се усвојува интегративен пристап насочен кон потребите, правата и зајакнувањето на жените и девојките кои преживеале некаков вид на насилство.

---

[10] Податоците се добиени од Прегледот за жртви и сторители на кривични дела во врска со семејното насилство за МВР за 2017 година, достапен на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/semejno%20nasilstvo.pdf

Основани се два центри за координирање на мултисекторските тимови за заштита на жените и девојките жртви на насилство и/или семејно насилство (Координативни центри). Покрај обезбедувањето на услуги за бесплатна правна помош и упатувања, двата Координативни центри исто така преземаат суштински активности за координирање на услугите за формално и неформално делување на локално ниво со цел да се осигури дека сеопфатниот интегративен одговор од пакетот неопходни услуги им се обезбедуваат на сите жени и девојки кои се предмет на било каков вид насилство. Тоа значи дека сите компоненти од надлежност на здравствените установи, полициските служби, обвинителството, судовите, социјалните служби, како и услуги од областа на психо-социјалната поддршка, засолништа и сите останати кои се дел од Пакетот на неопходните услуги за жени и девојки жртви на насилство се обезбедуваат преку меѓусебна соработка на општите и специјализирани даватели на услуги на локално ниво и пошироко.

Координативните центри служат како фокусна точка за локалните мултисекторски тимови на заедницата против родово базирано насилство, кои работат на подобрување на меѓуинституционалните односи и воспоставување и практикување на моделот за интегративен пристап.

Проектот е во рамките на регионалната програма на ЕУ и UN Women „Спречување на насилството врз жените во Западен Балкан и Турција: Спроведување на норми, промена на ставови", финансирана од Европската Унија.

**Клучни наоди од проектот и препораки за интегративен пристап на пакетот неопходни услуги за жени и девојки жртви на насилство**

Координацијата е централен елемент во одговорот на насилството врз жените и девојките. Меѓународните стандарди предвидуваат одговорот на насилството врз жените и девојките да биде сеопфатен, мултидисциплинарен, координиран, систематски и одржлив. Тоа е процес што е регулиран со закони и политики. Координацијата вклучува заеднички напори од мултидисциплинарни тимови и персонал и институции од сите релевантни сектори за спроведување закони, политики, протоколи, договори, комуникација и соработка за спречување и за одговор на насилството врз жените и девојките. Координацијата се случува на национално ниво меѓу министерствата што играат улога во решавањето на ова насилство, на локално ниво меѓу давателите на услуги, засегнатите страни и, во некои земји, на средно ниво на власт меѓу националното и локалното ниво. Координацијата, исто така, се јавува помеѓу различни нивоа на власта.[11]

- Мултисекторските тимови, врз основа на заедничкото разбирање на насилството врз жените како кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените и заедничкиот договор за мултидисциплинарно и координирано ефективно постапување, ги идентификуваа пречките и проблемите во протокот на информации и соработка при процесирање на случаите на насилство врз жени и девојки. МТ дадоа предлози за унапредување

[11] Пакет неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство, Модул 5: Координација и управување со координацијата стр.7, достапно на http://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publications/2015/essential-services-package-module-5-en.pdf?la=en&vs=3759

на ефективната комуникација и соработка помеѓу давателите на услуги, од кои произлезе првичниот предлог модел за интегративен пристап на пакетот неопходни услуги за жени и девојки жртви на насилство. Функционалноста на овој предлог модел се тестира низ праксата во работата со жени и девојки жртви на насилство и може да се менува и надградува врз основа на постигнувањата, резултатите, исходот од решавањето на самите случаи, но и од задоволството на самите жртви чии случаи се процесираат преку моделот за интегративен пристап.

- Формираните Мултисекторски тимови на заедницата за заштита од РБН, самите по себе го претставуваат јадрото на моделот за интегративен пристап на пакетот неопходни услуги за жени и девојки, жртви на насилство.

- МТ се согласни за основните принципи и стандарди кон кои ќе се придржуваат во работењето, а кои произлегуваат од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – Истанбулска конвенција, како и од другите меѓународни документи, стандарди, принципи и Пакетот на ОН за неопходни услуги за жени и девојки жртви на насилство. Тие се согласни дека: (1) насилството врз жените е кршење на основното човеково право на живот без насилство; (2) родовото насилство е манифестација на нееднакви односи на моќ меѓу жените и мажите и служи да ги овековечи тие нееднаквости; (3) родовата еднаквост е клучна за спречување на насилството; (4) човековите права, потребите и безбедноста на жртвата се најважни; (5) насилството врз жените предизвикува последици врз психичкото и физичко здравје на жртвата; (6) насилството врз жените има и пошироки општествено-економски последици кои се изразуваат низ зголемени трошоци за здравствена заштита, намалена продуктивност на жените и намалено учество на пазарот на труд воопшто.

- Мулти секторските тимови во своето работење дејствуваат согласно следниве принципи:

  - ✓ Пристап базиран врз човекови права
  - ✓ Унапредување на родовата еднаквост и јакнење на жените
  - ✓ Услуги соодветни на културата и возраста на жртвите
  - ✓ Пристап фокусиран на жртвите/лицата кои преживеале насилство
  - ✓ Безбедноста е најважна
  - ✓ Одговорност на сторителот.[12]

12 Пакет неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство, Модул 5: Координација и управување со координацијата стр.11, достапно на http://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publications/2015/essential-services-package-module-5-en.pdf?la=en&vs=3759

Во поглед на **речникот на клучните термини**, членовите на МТ се согласни дека:

- **Насилство врз жените** означува „секој чин на родово базирано насилство кој резултира со, или има веројатност да резултира со физички, сексуални или психолошки штетни последици, вклучувајќи и закани од било каков вид, принуда или неосновано лишување од слобода, без оглед на тоа дали се случуваат во јавниот или во приватниот живот“.[13]

- **Домашно насилство** ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели, или го делел истото живеалиште со жртвата или не;[14]

- **Род** ги означува општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите;[15]

- **Родово базирано насилство** е „секој чин на насилство што е насочено против жената, само поради тоа што таа е жена или кое несразмерно влијае врз жените“.[16]

- **Интимното партнерско насилство** е „најчестата форма на насилство што го искусуваат жените на глобално ниво... и вклучува низа принудени акти од сексуален, психолошки и физички карактер коишто се применуваат против возрасни и адолесцентни жени од страна на нивниот сегашен или поранешент интимен партнер, без нивна согласност. “.[17]

- **Физичкото насилство** вклучува примена на физичка сила, моќ или оружје со цел да ѝ се нанесат штети или повреди на жената.[18]

- **Сексуалното насилство** вклучува злоупотребувачки сексуален контакт, принудување на жената да се вклучи во сексуален чин без нејзина согласност и обид или извршено сексуално дејство врз жена што е болна, со попреченост, ставена под притисок или под дејство на алкохол или други опојни средства.[19]

- **Психолошкото насилство** вклучува контролирање или изолирање на жената, понижување или нејзино посрамување.[20]

- **Економското насилство** вклучува оневозможување жената да има пристап до основни ресурси, како и контрола над основните ресурси.[21]

---

13 Декларација за елиминација на насилството врз жените, Член 1, достапно на https://www.un.org/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/RES/48/104

14 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, стр. 5, достапна на македонски јазик: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168046253a

15 ibid

16 CEDAW, Општа препорака бр. 19, став. 6, достапно на https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/recommendations/recomm.htm#recom19

17 UN Secretary-General's Study, supra note 1, paras. 112-113, достапно на на https://documents-ddsny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N06/419/74/PDF/N0641974.pdf?Ope

18 ibid

19 ibid

20 ibid

21 ibid

- **Непартнерското сексуално насилство** „се однесува на насилство од роднина,пријател, познајник, сосед, колега од работа или непознато лице“. Тоа вклучува принуда за извршување било какво сексуално дејство, сексуално вознемирување и насилство извршено врз жените и девојките честопати од страна на сторител што им е познат, вклучително и на јавни места, во училиште, на работното место и во заедницата.[22]

- Термините **жртва/лице кое преживеало насилство** се однесуваат на жените и девојките кои искусиле или искусуваат родово базирано насилство, одразувајќи ја терминологијата која се користи во правните процеси, како и кога овие жени и девојки бараат да имаат пристап до неопходни услуги.[23]

- **Мултидисциплинарни тимови за одговор** се групи засегнати страни што се обврзни да дејствуваат координирано за да одговорат на насилството врз жените и девојките во рамките на една заедница. Овие тимови се фокусирани на обезбедување ефективен одговор на индивидуални случаи и може да придонесат за креирање политики.[24]

**<u>Препораки за унапредување на Општите упатства за работа на МТЗ</u>**

- Мултисекторските тимови на заедницата обезбедуваат заштита на сите жени и девојки жртви од насилство и семејно насилство.

- Мултисекторските тимови ќе обезбедуваат заштита на секое физичко лице кое е изложено на било кое дејствие на родово базирано насилство.

- Мултисекторските тимови на заедницата се составени од официјално делегирани претставници на неопходните општи даватели на услуги за жени и девојки жртви на насилство на локално ниво: полиција, јавно обвинителство, суд, здравствени институции, центри за социјална работа, како и граѓански организации кои даваат специјализирани услуги на жени и девојки жртви на насилство.

- Мултисекторскиот тим на заедницата функционира за сите случаи[25] на насилство врз жени, доколку постои согласност од жртвата да добие поддршка од тимот.

---

22 UN Secretary-General's Study, supra note 1, paras. 128, достапно на https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N06/419/74/PDF/N0641974.pdf?Ope, како и Пакет неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство, Модул 5. Координација и управување со координацијата, стр.7

23 Пакет неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство, Модул 5: Координација и управување со координацијата, стр.8

24 Пакет неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство, Модул 5: Координација и управување со координацијата, стр.7

- Сите дејствија кои ги преземаат давателите на услуги во фокусот треба да ја стават жртвата, нејзините интереси и потреби. Сите дејствија се преземаат по претходна добиена согласност од страна на жртвата.

- При прземањето на дејствија, институциите треба да се раководат од принципот на должно внимание.

- Сите релевантни институции прават проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата и на ризикот од повторување на насилството, со цел за заштита на жртвата, преку соодветно управување со ризикот.

- Сите релевантни институции, во случаи кога се проценува дека постои висок ризик за загрозување на животот и безбедноста на жртвата, преземаат мерки за заштита, без оглед дали постои согласност од жртвата. Во случаи кога жртва на насилство е дете или лице кое не е способно да се грижи за себе и сопствените интереси, не се бара согласност.

- Институциите и организациите кои доаѓаат во контакт со жртва која пријавува насилство, задолжително ја информираат жртвата за сите нејзини права, достапни услуги и мерки за заштита кои ѝ стојат на располагање.

- Институциите и организациите кои доаѓаат во контакт со жртва која пријавува насилство, водат грижа за заштитата на личните податоци и ги разменуваат со останатите членови на МТ, само доколку жртвата даде писмена согласност/изјава дека се согласува нејзините податоци да бидат користени од страна на давателите на услуги само и единствено со цел за нејзина ефикасна заштита.

- МТ треба да се сретнуваат во редовни интервали, со цел разменување на информации, координирано делување и следење на состојбата со насилството врз жените на локално ниво. Место за одржување на редовните средби може да биде просторот на невладините организации – даватели на специјализирани услуги или општината. На состаноците членовите на МТ известуваат за бројот на пријавени случаи, карактеристиките и спецификите на случаите, преземените мерки и покренатите постапки, се координираат активностите со цел да се обезбеди холистички одговор согласно потребите на жртвите, водејќи, притоа, сметка за безбедноста на жртвите. При тоа, членовите на МТ од судот имаат право да се изземат во дел од активностите и вкупната работа во МТ, со цел да се запази принципот на еднаквост на „оружјата“ и да не се доведе во прашање непристрасноста на судот кој ги процесира овие случаи. Сепак, истите стојат на располагање за консултации, совети, информации и учество при креирање на мерки и политики од страна на МТ. Од состаноците на МТ се водат записници кои се доверливи доколку се работи за консултации и решавање на конкретни случаи.

- Состаноци на МТ се свикуваат секогаш кога станува збор за итни и високо ризични  случаи на насилство врз жени и девојки.

- Сите институции/организации – членови на МТ,  водат грижа за дистрибуција на информативни материјали наменети за сите жртви или потенцијални жртви на насилство, кои имаат цел информирање за релевантните институции каде можат да се обратат за да го пријават насилството, како и достапните услуги кои можат да ги добијат. Информативните материјали треба да бидат во форма на постери, брошури или летоци што ќе бидат достапни и во простории какви што се женските гардероби, тоалети итн. (со соодветно предупредување за нивно евентуално носење дома, доколку таму се наоѓа насилниот партнер).

- Мултисекторските тимови се залагаат и придонесуваат во креирањето на поволна средина за имплементација на пакетот неопходни услуги за жени и девојки жртви на насилство, како и за родово одговорни политики и практики, на национално и локално ниво, кои имаат за цел да ја елиминираат историската нееднаквост меѓу мажите и жените и кои се клучни за обезбедувањето стандардизиран квалитет на испорака на неопходните услуги од страна на секој сектор и нивна меѓусебна комуникација во испораката на услугите. Тргнувајќи од искуставата и научените лекции од делувањето, МТ можарамка на политики на сите нивоа, институционално, мултисекторски и специфично секторски.т да дадат специфичен придонес кон напорите за создавање на сеопфатна рамка на политики на сите нивоа, институционално, мултисекторски и специфично секторски.[25]

**<u>Препораки за  унапредување на специфичните упатства  за работа на МТ</u>**

МТ можат да бидат координирани од граѓанските организации кои даваат специјализирани услуги за жени и девојки жртви на насилство, кои се, всушност, и застапници на самите целни групи, имаат доволно искуство, знаење и капацитети и треба да играат клучна улога во координацијата на тимовите. Ова е важно бидејќи невладините организации за женски права често се влезна точка за жртвите/лицата кои преживеале насилство и коишто бараат услуги и продолжуваат да работат со нив во решавањето на проблемот со насилството. На овој начин, тие се во најдобра позиција не само за да ги разберат потребите на жртвите/ лицата кои преживеале насилство, туку и за да им ги претставаат тие потреби на другите даватели на услуги и да промовираат сеопфатен, ефективен одговор на насилството.

- За сите случаи на насилство врз жени и семејно насилство кои иницијално се пријавуваат во МВР, се инфромира инспекторот за семејно насилство во МВР;

---

25 Модул 6: Водич за имплементација, стр.11, достапно на http://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publications/2015/essential-services-package-module-6-en.pdf?la=en&vs=5015

- МВР има должност писмено да го извести ЦСР за случајот и превземените мерки. Заради ефикасна и навремена комуникација надлежниот инспектор од МВР телефонски го пријавува случајот и се консултира со одговорното лице во ЦСР;

- МВР, МТСП и здравствените институции ја информираат жртвата за достапните услуги на локално ниво и ја упатуваат жртвата да побара помош во граѓанските организации;

- Секогаш кога постои согласност, МВР случајот ќе го пријави писмено и телефонски и во граѓанската организација во соодветната општина;

- Во случаи кога жртвата пријавува поплака, задолжително се упатува да побара помош во граѓанските организации или ЦСР;

- ЦСР има обврска да воведе дежурства, со назначување на дежурен одговорен стручен работник;

- При постапувањето на ЦСР во случаи на насилство, контакти меѓу жртвите и сторителите не се дозволени;

- Не е дозволена задолжителна медијација и помирување од страна на ЦСР во случаи на насилство врз жени;

- Во случаи кога имаат разумен основ да се сомневаат дека се случил сериозен акт на насилство со висок ризик за животот и здравјето на жртвата и дека натамошни акти на насилство може да се очекуваат, здравствените институции го кршат правилото на доверливост и анонимност, зашто животот и безбедноста на жртвата се на прво место.

- Кога жртвата ќе пријави случај на насилство во граѓанската организација, се пополнува формулар што содржи податоци кога и каде пријавила насилство и задолжително се информира дека податоците за случајот ќе бидат достапни на членовите на МТ, (доколку таа се согласува), а потоа жртвата потпишува писмена изјава/дозвола за користење на личните податоци од страна на МТ. Исто така, на жртвата и се нуди придружба низ институциите каде е упатена.

- Потребно е институциите и граѓанските организации да водат посебна евиденција за случаите и преземените мерки и постапки.
- Доколку во ЦСР се пријави случај на насилство, кој не е семејно насилство туку друг облик на РБН (додека не се донесе нов закон за превенција, спречување и заштита од РБН), да се води евиденција и за тие случаи и жртвите да се упатуваат во граѓанските организации заради обезбедување на бесплатна правна помош.

- МТ можат да вклучат претставници од областа на образовниот сектор или други чинители, за кои ќе сметаат дека можат да придонесат во работата на тимовите.

**<u>Препораки за вклучување и унапредување на работата на единиците на локалната самоуправа во работата на МТ</u>**

- ЕЛС можат да ја поддржуваат и потпомагаат работата на МТ, со оглед дека ЕЛС имаат одредени надлежности во областа на социјалната заштита и соодветни законски надлежности во областа на спречување на насилството врз жените, а особено во обезбедување на услови за поддршка на жртвите во вид на соодветни услуги и финансиска поддршка за самите даватели на услуги.

- Општината треба да овозможи оптимално функционирање на МТ преку логистичка и финансиска поддршка, како и редовно да одвојува фонд за директна поддршка, како на жени жртви на насилство, со живеалиште на територијата на општината, така и на специјализираните услуги за нивна поддршка.

- Општината учествува и придонесува во развивањето на сеопфатни и координирани политики, базирани на истражувања за обемот на сите форми на насилство врз жените, се залага и создава услови за воспоставување на неопходни сервиси и програми за усвојување на ненасилно однесување во меѓучовечките односи, придонесува и учествува во обуки на професионалци за унапредување на мултисекторската соработа и примена на протоколи за постапување со жртви на РБН, како и во превземање на активности за поттикнување на приватниот сектор, секторот за информатичка и комуникациска технологија и медиумите да учествуваат, не само во развојот на локални, регионални или национални политики и напори за спречување на насилството врз жените, но исто така и да учествуваат во изработката и спроведувањето на политиките и да утврдат упатства и саморегулаторни стандарди за спречување на насилството врз жените.

- Општината, во соработка со МТ, може да придонесе во обезбедувањето на активности за подигнување на свеста во заедницата за превенција, спречување и заштита од РБН (преку соопштенија за телевизија и радио, пораки преку социјални медиуми, билборди, објавување на извештаи и дисеминација на информативни материјали).